ДИ-НП

Република Македонија
Министерство за финансии
Управа за јавни приходи

Дирекција - Одделение

*Пополнува Управата за јавни приходи*

# Даночна пријава

## - за утврдување на данок на наследство и подарок -

## Објаснување

Врз основа на членот 33 од Законот за даноците на имот ("Службен весник на РМ" бр. 80/93 ... 24/03), **Даночната пријава за утврдување на данок на наследство и подарок** ја поднесуваат обврзниците кои наследуваат недвижен и подвижен имот односно примаат како подарок недвижности и права, за утврдување или ослободување од данок на наследство и подарок.
**Даночната пријава** се поднесува во рок од 15 дена од денот на правосилноста на наследното решение или денот на склучувањето на договорот за подарок, до Управата за јавни приходи на чие подрачје се наоѓа имотот.
Пред да ја пополните **Пријавата**, прочитајте го Упатството за пополнување, кое е нејзин составен дел.

## Општи правила за пополнување

*Не пополнувајте во оваа рубрика!*

При пополнување на Пријавата следете ги следните општи правила:

1. Во рубриките со полиња ☐ се означува само едно од полињата со ☒ .
   пр. ☒ наследно решение
   ☐ договор за подарок
2. Во рубриките со поле ☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐☐ се впишуваат броеви, по еден во секое поле одвоено со испрекината линија.
   пр. 4 3 4 7 1 0 4
2a. Во рубриките со поле ☐☐☐☐☐☐☐☐ се впишува датум во облик ДД (ден) ММ (месец) ГГГГ (година).
   пр. За датум 4-ти август 1999 година, рубриката се пополнува вака:
   0 4 0 8 1 9 9 9
3. Во рубриките со поле ☐ се впишува слободен текст, со кирилично писмо, читливо, со печатни букви и/или бројки.
   пр. *Милан Јовановски*
4. Пишувајте само во белите полиња. Осенчените полиња се користат за службени податоци.

## 1 Правен основ

1.1. Вид на правен основ ☐ наследно решение ☐ договор за подарок

1.2. Податоци за документот за пренос

Број на документ

Датум на документ (д д м м г г г г)

## 2 Податоци за оставителите/давателите на подарок

Единствен даночен број или Број на пасош, датум и земја на издавање

Име и презиме/ Назив и адреса

Единствен даночен број или Број на пасош, датум и земја на издавање

Име и презиме/ Назив и адреса

Единствен даночен број или Број на пасош, датум и земја на издавање

Име и презиме/ Назив и адреса

Единствен даночен број или Број на пасош, датум и земја на издавање

Име и презиме/ Назив и адреса

# ДИ-НП

*Во случај кога еден од обврзниците превзема да го плати данокот за сите, впишете го како прв во рубриката 3 и означете го полето "решение" со ☒. Во спротивно, даночната обврска се распределува сразмерно со сопственичкиот дел.*

## 3 Податоци за наследниците/примателите на подарок

⇨ или
Единствен даночен број
Број на пасош, датум и земја на издавање
Име и презиме/ Назив и адреса на наследникот/примателот на подарок
Дел што се наследува/прима на подарок
☐ прв наследен ред ☐ решение
☐ втор наследен ред

⇨ или
Единствен даночен број
Број на пасош, датум и земја на издавање
Име и презиме/ Назив и адреса на наследникот/примателот на подарок
Дел што се наследува/прима на подарок
☐ прв наследен ред
☐ втор наследен ред

⇨ или
Единствен даночен број
Број на пасош, датум и земја на издавање
Име и презиме/ Назив и адреса на наследникот/примателот на подарок
Дел што се наследува/прима на подарок
☐ прв наследен ред
☐ втор наследен ред

⇨ или
Единствен даночен број
Број на пасош, датум и земја на издавање
Име и презиме/ Назив и адреса на наследникот/примателот на подарок
Дел што се наследува/прима на подарок
☐ прв наследен ред
☐ втор наследен ред

⇨ или
Единствен даночен број
Број на пасош, датум и земја на издавање
Име и презиме/ Назив и адреса на наследникот/примателот на подарок
Дел што се наследува/прима на подарок
☐ прв наследен ред
☐ втор наследен ред

Единствен даночен број
⇨ или
Единствен даночен број
Број на пасош, датум и земја на издавање
Име и презиме/ Назив и адреса на наследникот/примателот на подарок
Дел што се наследува/прима на подарок
☐ прв наследен ред
☐ втор наследен ред

⇨ или
Единствен даночен број
Број на пасош, датум и земја на издавање
Име и презиме/ Назив и адреса на наследникот/примателот на подарок
Дел што се наследува/прима на подарок
☐ прв наследен ред
☐ втор наследен ред

⇨ или
Единствен даночен број
Број на пасош, датум и земја на издавање
Име и презиме/ Назив и адреса на наследникот/примателот на подарок
Дел што се наследува/прима на подарок
☐ прв наследен ред
☐ втор наследен ред

⇨ или
Единствен даночен број
Број на пасош, датум и земја на издавање
Име и презиме/ Назив и адреса на наследникот/примателот на подарок
Дел што се наследува/прима на подарок
☐ прв наследен ред
☐ втор наследен ред

ДИ-НП

*Ако предмет на наследство/подарок е подвижен имот, пополнете ги само податоците за видот и вредноста на имотот!*

## 4 Податоци за наследениот/подарениот имот

Вид на имот/Култура и класа | Површина | м² | ха

улица/викано место | број/катастарска парцела

населено место/општина/катастарска општина

Адреса на имотот

Број на договор/имотен лист | Дел од имот/кп

Вредност (денари)

Вид на имот/Култура и класа | Број на договор/имотен лист | Површина | м² | ха

улица/викано место | број/катастарска парцела

населено место/општина/катастарска општина

Адреса на имотот

Број на договор/имотен лист | Дел од имот/кп

Вредност (денари)

Вид на имот/Култура и класа | Број на договор/имотен лист | Површина | м² | ха

улица/викано место | број/катастарска парцела

населено место/општина/катастарска општина

Адреса на имотот

Број на договор/имотен лист | Дел од имот/кп

Вредност (денари)

Вид на имот/Култура и класа | Број на договор/имотен лист | Површина | м² | ха

улица/викано место | број/катастарска парцела

населено место/општина/катастарска општина

Адреса на имотот

Број на договор/имотен лист | Дел од имот/кп

Вредност (денари)

Вид на имот/Култура и класа | Број на договор/имотен лист | Површина | м² | ха

улица/викано место | број/катастарска парцела

населено место/општина/катастарска општина

Адреса на имотот

Број на договор/имотен лист | Дел од имот/кп

Вредност (денари)

Вид на имот/Култура и класа | Број на договор/имотен лист | Површина | м² | ха

улица/викано место | број/катастарска парцела

населено место/општина/катастарска општина

Адреса на имотот

Број на договор/имотен лист | Дел од имот/кп

Вредност (денари)

Вид на имот/Култура и класа | Број на договор/имотен лист | Површина | м² | ха

улица/викано место | број/катастарска парцела

населено место/општина/катастарска општина

Адреса на имотот

Број на договор/имотен лист | Дел од имот/кп

Вредност (денари)

Вид на имот/Култура и класа | Број на договор/имотен лист | Површина | м² | ха

улица/викано место | број/катастарска парцела

населено место/општина/катастарска општина

Адреса на имотот

Број на договор/имотен лист | Дел од имот/кп

Вредност (денари)

Вид на имот/Култура и класа | Број на договор/имотен лист | Површина | м² | ха

улица/викано место | број/катастарска парцела

населено место/општина/катастарска општина

Адреса на имотот

Број на договор/имотен лист | Дел од имот/кп

Вредност (денари)

ДИ-НП

*За сите прилози наведете назив, број, датум и од кого е издаден!*

## 5 Прилози

## Забелешка

*Задолжително потпишете ја Пријавата! Ако обврзникот е правно лице, ставете и печат!*

## Поднесено

Во

на ден д д м м г г г г

Потпис на обврзникот

м.п.

*Пополнува Управата за јавни приходи*

## Податоци за приемот и обработката

Примено на ден д д м м г г г г

под број

Број на прилози

Забелешка

Потпис на овластеното лице

м.п.

Обработено на ден д д м м г г г г

Потпис на обработувачот

# ДИ-НП

## Упатство за пополнување

### 1 Правен основ

**1.1 Вид на правен основ**

Означете само едно од полињата со ☒ во зависност од тоа што е основ за пренесување на сопственоста.

а) ако преносот се врши врз основа на **наследно решение**, означете вака: | ☒ наследно решение

☞ ***Пријавата ја поднесува наследникот на имотот.***

б) ако преносот се врши врз основа на **договор за подарок**, означете вака: | ☒ договор за подарок

☞ ***Пријавата ја поднесува примателот на подарокот.***

**1.2 Податоци за документот за пренос**

Впишете ги бројот и датумот на документот со кој се врши преносот. | пр. *14-1670/98, 14.05.1998 год.*

### 2 Податоци за оставителот/давателот на подарок

☞ ***Доколку имотот, што е предмет на наследство/подарок, е во со-сопственост на повеќе лица, наведете ги податоците за секого од нив во оваа рубрика.***

**Единствен даночен број или Број на пасош, датум и земја на издавање**

Впишете го Единствениот даночен број на оставителот/давателот на подарок.

Ако оставителот/давателот на подарок е домашно физичко лице, впишете го неговиот Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ). Ако лицето не е жител на Република Македонија и нема ЕМБГ, впишете го бројот на пасошот, датумот на издавање и државата. | пр. *2904924455201* | пр. *154009, 17.08.1992, СРЈ*

Ако давател на подарок е домашно правно лице, впишете го Единствениот даночен број (од даночната карта), а ако е странско правно лице, не впишувајте ништо. | пр. *4029125694201*

**Име и презиме/Назив и адреса на оставителот/ давателот на подарок**

Впишете име и презиме и адреса на живеалиштето на оставителот/давателот на подарок, ако тоа е физичко лице, односно назив и адреса на седиштето ако давателот на подарок е правно лице. | пр. *Стојан Митревски, Антон Панов бр. 13 с. Арачиново, 91103 Скопје*

### 3 Податоци за наследниците/примателите на подарок

☞ ***Доколку имотот го наследуваат/примаат на подарок повеќе лица, наведете ги податоците за секого од нив во оваа рубрика.***

**Единствен даночен број или Број на пасош, датум и земја на издавање**

Впишете го Единствениот даночен број на наследникот/примателот на подарок.

Ако наследникот/примателот на подарок е домашно физичко лице, впишете го неговиот Единствен матичен број на граѓанинот (ЕМБГ). Ако лицето не е жител на Република Македонија и нема ЕМБГ, впишете го бројот на пасошот, датумот на издавање и државата. | пр. *0906955150303* | пр. *414029, 21.12.1994, СРЈ*

Ако наследникот/примателот на подарок е домашно правно лице, впишете го Единствениот даночен број (од даночната карта), а ако е странско правно лице, не впишувајте ништо. | пр. *4030145596229*

**Име и презиме/Назив и адреса на наследникот/примателот на подарок**

Впишете име и презиме и адреса на живеалиштето на наследникот/ примателот на подарок, ако тоа е физичко лице, односно назив и адреса на седиштето ако наследникот/примателот на подарок е правно лице. | пр. *Трајан Митревски, Антон Панов бр. 13 с. Арачиново, 91103 Скопје*

**Дел што се наследува/прима на подарок**

Доколку имотот го наследува/прима на подарок едно лице, впишете "**1/1**".

Доколку имотот го наследуваат/примаат на подарок повеќе лица, за секое лице внесете го неговиот идеален дел на имотот. | пр. 1/3

**Прв/Втор наследен ред**

Ако наследникот/примателот на подарок е во прв наследен ред во однос на оставителот/давателот на подарок (брачен другар, деца и нивни потомци), означете вака: | ☒ прв наследен ред

Ако наследникот/примателот на подарок е во втор наследен ред во однос на оставителот/давателот на подарок (родители, брачен другар ако оставителот не оставил потомци, браќа/сестри и нивни потомци), означете вака: | ☒ втор наследен ред

Ако наследникот/примателот на подарок е во трет наследен ред или не е во сродство со оставителот/давателот на подарок (дедовци и баби), не означувајте ништо.

**Решение**

Ако имотот го наследува/прима на подарок едно лице, означете го полето со ☒.

Доколку имотот го наследуваат/примаат на подарок повеќе лица, и врз основа на меѓусебен договор, еден од обврзниците превзема да го плати данокот за сите, впишете го како прв во рубриката 2 и означете го полето "решение" со ☒. Во спротивно даночната обврска ќе биде распределена на сите наследници/приматели на подарок, сразмерно на наследениот/применот идеален дел на имотот. | пр. *Двајца наследници го наследуваат имотот. Едниот се обврзува да го плати целиот данок. Се означува: Ацо Костов ☒ решение Соња Костова*

### 4 Податоци за имотите

☞ ***Во оваа рубрика наведете ги имотите што се предмет на наследство/подарок, но само за имотите што ги наследуваат/примаат на подарок исти лица и со еднаков дел што го добиваат.***

**Вид на имот/култура и класа**

Впишете го видот на имот што е предмет на наследство/подарок. | пр. *стан* | пр. *штедна книшка*

Доколку се работи за земјоделско земјиште, впишете ги културата и класата. | пр. *лозје, II класа*

**Површина, м²/ха**

За недвижен имот, впишете ја неговата површината и означете дали површината е изразена во м² (вообичаено за станбени згради, деловни објекти и сл.) или хектари (ха - вообичаено за земјоделско или шумско земјиште). | пр. *84* ☒ *м²* | пр. *2,2* ☒ *ха*

За подвижен имот, не впишувајте ништо.

**Адреса на имотот**

За недвижен имот, впишете ја адресата на која се наоѓа. За станбени и деловни објекти, впишете ги улицата, бројот, населеното место и општината, а за земјиште впишете го локалниот назив на месноста, бројот на катастарската парцела, катастарската општина и општината. | пр. *Народен фронт 15/3 бр.11 Скопје, Центар* | пр. *В'чо брдо, КП 16/56 КО Берово, Берово*

За подвижен имот, не впишувајте ништо.

**Број на договор/имотен лист**

Впишете го бројот на документот за сопственост врз имотот. | пр. *1686/97*

За подвижен имот, не впишувајте ништо.

**Дел од имот/КП**

Ако се наследува/прима на подарок имотот како целина, впишете "**1/1**".

Доколку се наследува/прима на подарок идеален дел од недвижност за која не е извршена физичка поделба, впишете го идеалниот дел што се пренесува. | пр. *1/2*

Доколку се наследува/прима на подарок земјиште кое во имотниот лист е означено како дел од некоја поголема катастарска парцела, впишете го делот. | пр. *6/19*

**Вредност**

Впишете ја вредноста на имотот што се наследува/прима на подарок, изразена во денари. | пр. *6.000.000 денари*

### Прилози

Во оваа рубрика набројте ги сите документи што ги приложувате кон Пријавата и за секој од нив наведете назив, број, датум и од кого е издаден. | пр. *Имотен лист бр. 1686/97 од 12.03.1998 год. - Републичка геодетска управа*

### Поднесено

Во оваа рубрика впишете ги местото и датумот на пополнување на Пријавата. Исто така, задолжително потпишете ја Пријавата со што ја потврдувате точноста и комплетноста на наведените податоци.

# ДИ-НП

Во една пријава можете да ги наведете податоците за повеќе имоти што се предмет на наследството/подарокот, но под услов наследниците/примателите на подарок да се исти и делот што го наследуваат/примаат на подарок во секој од имотите да е подеднаков. Доколку некои наследници/приматели на подарок или делот што го наследуваат/примаат на подарок се разликуваат, поднесете повеќе пријави во кои ќе ги групирате податоците според наследниците и делот.

## *ПРИМЕРИ ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ПРИЈАВАТА ВО НЕКОИ СПЕЦИФИЧНИ СЛУЧАИ:*

### ☞ *НАСЛЕДНО РЕШЕНИЕ (даночен обврзник е наследникот на имотот)*

**Пример 1:** Со едно наследно решение се наследуваат:

- стан со површина 62м$^2$ и куќа за одмор и рекреација со површина 84м$^2$, кои се во со-сопственост на лицата А и Б и секој од нив е сопственик на по една идеална половина (1/2);
- нива со површина 0,20 хектара која е во со-сопственост на лицата А и Б. Лицето А е сопственик на две идеални третини (2/3), а лицето Б на една идеална третина (1/3). Според имотниот лист, нивата претставува 1/5 од катастарска парцела бр. 15/78 со површина 1,00 хектар;
- два магацински простора, во сопственост на лицето А (1/1), од кои едниот со површина 500м$^2$, а другиот со површина 350м$^2$ и
- дуќан со површина од 28м$^2$, кој е во со-сопственост на лицата А, Б и В, каде лицата А и Б се сопственици на по идеална четвртина (1/4), а лицето В на една идеална половина (1/2).

Оставител е лицето А е, а наследници во прв наследен ред се лицата Б (брачен другар), М и Н (потомци од бракот на А и Б).
Се поднесува 1 (една) пријава за данок на наследство и подарок, во која се наведува следното:

| Пријава | Податоци за оставителот/ дарателот на подарок | Податоци за наследниците/ примателите на подарок | | | Податоци за имотите | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | оставител/дарател | лице | дел | насл. ред | вид | дел од имот/КП | површина |
| бр. 1 (☒ наследно решение) | А | Б<br>М<br>Н | 1/3<br>1/3<br>1/3 | прв<br>прв<br>прв | - стан<br>- куќа за одмор и рекреација<br>- нива<br>- магацински простор 1<br>- магацински простор 2<br>- дуќан | 1/2<br>1/2<br>2/3 од 1/5<br>1/1<br>1/1<br>1/4 | 62м$^2$<br>84м$^2$<br>1,00 ха<br>500м$^2$<br>350м$^2$<br>28м$^2$ |

**Пример 2:** Со наследното решение се наследува:

- стан со површина 62м$^2$, кој бил во со-сопственост на лицата А и Б и секој од нив бил сопственик на по една идеална половина (1/2).

Оставители се лицата А и Б (оставинската постапка се спроведува по смртта на двете лица). Наследник во втор наследен ред е лицето М и Н (потомци од бракот на А и Б). Лицето М се прифаќа за наследник, но го отстапува својот дел на лицето Н.
Се поднесуваат 2 (две) пријави за данок на наследство и подарок, во кои се наведува следното:

| Пријава | Податоци за оставителот/ дарателот на подарок | Податоци за наследниците/ примателите на подарок | | | Податоци за имотите | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | оставител/дарател | лице | дел | насл. ред | вид | дел од имот/КП | површина |
| бр. 1 (☒ наследно решение) | А<br>Б | М<br>Н | 1/2<br>1/2 | прв<br>прв | - стан | 1/1 | 62м$^2$ |
| бр. 2 (☒ подарок) | М | Н | 1/2 | втор | - стан | 1/2 | 62м$^2$ |

**Пример 3:** Со наследното решение се наследува:

- стан со површина 62м$^2$, кој бил во сопственост на лицето А и
- нива со површина 0,20 хектара која била во сопственост на лицето А. Според имотниот лист, нивата претставува 1/5 од катастарска парцела бр. 15/78 со површина 1,00 хектар.

Оставител е лицето А. Наследници се лицата Б (брачен другар, чиј имот изнесува повеќе од делот што би му припаднал при делбата на оставината на еднакви делови) и лицата М и Н (потомци на лицето А од друг брак).
Се поднесува 1 (една) пријава за данок на наследство и подарок, во која се наведува следното:

| Пријава | Податоци за оставителот/ дарателот на подарок | Податоци за наследниците/ примателите на подарок | | | Податоци за имотите | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | оставител/дарател | лице | дел | насл. ред | вид | дел од имот/КП | површина |
| бр. 1 (☒ наследно решение) | А | Б<br>М<br>Н | 1/5<br>2/5<br>2/5 | прв<br>прв<br>прв | - стан<br>- нива | 1/1<br>1/5 | 62м$^2$<br>1,00 ха |

**Пример 4:** Врз основа на договор за доживотно издржување се пренесуваат:

- стан со површина 62м$^2$, кој е во со-сопственост на лицата А и Б и секој од нив е сопственик на по една идеална половина (1/2) и
- нива со површина 0,20 хектара која е во сопственост на лицето Б. Според имотниот лист, нивата претставува 1/5 од катастарска парцела бр. 15/78 со површина 1,00 хектар.

Правото на сопственост преминува на дарателот на издршката - лицето М, кое е во втор наследен ред во однос на лицето А, а не е во сродство со лицето Б. Постојат уште тројца наследници од втор ред во однос на лицето А, кои со договорот за доживотно издржување се исклучени.
Лицето М, без давање на издршката, наследува една идеална четвртина (1/4) од делот на недвижноста што е во сопственост на лицето А, за што поднесува 1 (една) пријава за данок на наследство и подарок, во која се наведува следното:

| Пријава | Податоци за оставителот/ дарателот на подарок | Податоци за наследниците/ примателите на подарок | | | Податоци за имотите | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | оставител/дарател | лице | дел | насл. ред | вид | дел од имот/КП | површина |
| бр. 1 (☒ наследно решение) | А<br>Б | М<br>Н | 1/4 | втор | - стан<br>- нива | 1/1<br>1/5 | 62м$^2$<br>1,00 ха |

За останатите три идеални четвртини (3/4), од делот на недвижноста што е во сопственост на лицето А, за една идеална половина (1/2) од станот и за нивата, што се во сопственост на лицето Б, што ги добива врз основа на овој договор, треба да плати данок на промет на недвижности и права и поднесува 2 (две) пријави за данок на промет на недвижности и права.

### ☞ *ДОГОВОР ЗА ПОДАРОК (даночен обврзник е примателот на подарокот)*

**Пример 5:** Врз основа на договор за подарок се пренесуваат:

- стан со површина 62м$^2$, кој е во со-сопственост на лицата А и Б и секој од нив е сопственик на по една идеална половина (1/2) и
- нива со површина 0,20 хектара која е во сопственост на лицето А. Според имотниот лист, нивата претставува 1/5 од катастарска парцела бр. 15/78 со површина 1,00 хектар.

Правото на сопственост преминува на лицата М и Н. Лицето М е наследник од прв наследен ред во однос на лицата А и Б, а лицето Н не е во сродство со лицата А и Б.
Се поднесува 1 (една) пријава за данок на наследство и подарок, во која се наведува следното:

| Пријава | Податоци за оставителот/ дарателот на подарок | Податоци за наследниците/ примателите на подарок | | | Податоци за имотите | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | оставител/дарател | лице | дел | насл. ред | вид | дел од имот/КП | површина |
| бр. 1 (☒ подарок) | А<br>Б | М<br>Н | 1/2<br>1/2 | прв<br>не е во сродство | - стан<br>- нива | 1/1<br>1/5 | 62м$^2$<br>1,00 ха |

**Пример 6:** Врз основа на договор за подарок се пренесуваат:

- стан со површина 62м$^2$, кој е во со-сопственост на лицата А и Б и секој од нив е сопственик на по една идеална половина (1/2) и
- нива со површина 0,20 хектара која е во сопственост на лицето Б. Според имотниот лист, нивата претставува 1/5 од катастарска парцела бр. 15/78 со површина 1,00 хектар.

Правото на сопственост преминува на лицата М и Н. Лицето М е наследник од прв наследен ред во однос на лицето А, а не е во сродство со лицето Б. Лицето Н не е во сродство со лицата А и Б.
Се поднесуваат 2 (две) пријави за данок на наследство и подарок, во кои се наведува следното:

| Пријава | Податоци за оставителот/ дарателот на подарок | Податоци за наследниците/ примателите на подарок | | | Податоци за имотите | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | оставител/дарател | лице | дел | насл. ред | вид | дел од имот/КП | површина |
| бр. 1 (☒ подарок) | А | М<br>Н | 1/2<br>1/2 | прв<br>не е во сродство | - стан | 1/2 | 62м$^2$ |
| бр. 2 (☒ подарок) | Б | М<br>Н | 1/2<br>1/2 | не е во сродство<br>не е во сродство | - стан<br>- нива | 1/2<br>1/5 | 62м$^2$<br>1,00 ха |